Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 ноември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на Мрежните правила за дополнување на Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје**

1. Со оваа одлука се одобруваат Мрежните правила за дополнување на Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија доставени од Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, Мрежните правила од точка 1 од оваа одлука да ги донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука и да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница.
3. Оваа одлука се доставува до ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.
4. Се задолжуваат стручните служби на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Мрежните правила од точка 1 на оваа одлука, во рок од осум дена од денот на донесувањето, да ги прикачат на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на член 157 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) ги достави на одобрување предлог Мрежните правила за дополнување на Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија (во понатамошниот текст: Мрежни правила) бр.03-2738 од 12 ноември 2020 година, заведени во архивата на Регулаторна комисија за енергетика под бр. 11-2286/2 од 16 ноември 2020 година .

Регулаторната комисија за енергетика го разгледа доставениот предлог текст на Мрежни правила и согласно член 5 од Деловникот за работа бр.01-898 од 30 март 2020 година, на 16 ноември 2020 година, одржа седница, на која се одобрија Мрежните правила за дистрибуција.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.11-2286/3**

**16 ноември 2020 година**

**Скопје**

**Претседател на Регулаторната Комисија за**

**Енергетика и водни услуги на**

**Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**